# Стереотипът в славянските езици, литератури и култури

*Сборник с доклади от*
*Четиринадесетите международни славистични четения*
*София, 26–28 април 2018 г.*

Том II

## Литературознание. Културология. Антропология. Фолклористика

## ОРГАНИЗАЦИОНЕН КОМИТЕТ

проф. д.ф.н. Бошко Сувайджич (Сърбия)
проф. д.ф.н. Звонко Ковач (Хърватия)
проф. д.ф.н. Джузепе дел Агата (Италия)
проф. д.ф.н. Луциан Суханек (Полша)
проф. д.ф.н. Людмила Ухлиржова (Чехия)
проф. д.ф.н. Панайот Карагьозов (България)
проф. д.ф.н. Маргарита Младенова (България)

## РЕДАКТОРИ И СЪСТАВИТЕЛИ

гл. ас. д-р Владимир Колев (**отг**. **ред**.), ас. Тиха Бончева, Кристиян Янев,
доц. д-р Цветанка Аврамова, ас. Лилия Желева, Биляна Васич,
Надя Радованова, Боряна Цветкова, гл. ас. д-р Диана К. Иванова,
гл. ас. д-р Росица Стефчева, доц. д-р Диляна Денчева, гл. ас. д-р Емилия Македонска

# Стереотипът в славянските езици, литератури и култури

*Сборник с доклади от*
*Четиринадесетите международни славистични четения*
*София, 26–28 април 2018 г.*

Том втори

## Литературознание. Културология. Антропология. Фолклористика

София ● 2019
Университетско издателство „Св. Климент Охридски“

## РЕЦЕНЗЕНТИ НА ПЪРВИ ТОМ

проф. дфн Амелия Личева, Софийски университет „Св. Климент Охридски“
проф. д-р Владимир Пенчев, Българска академия на науките
проф. д-р Зона Мъркал, Белградски университет
проф. д-р Снежана Милосавлевич Милич, Университет в Ниш
изв. проф. Персида Лазаревич ди Джакомо, Университет „Габриеле д’Анунцио“ в Пескара
изв. проф. Лидия Делич, Институт за литература и изкуство – Белград
изв. проф. Лиляна Банянин, Торински университет
изв. проф. Мая Анджелкович, Университет в Крагуевац
доц. дфн Жоржета Чолакова, Пловдивски университет „Паисий Хилендарски“
доц. д-р Анжелина Пенчева, Югозападен университет „Неофит Рилски“
доц. д-р Антоанета Балчева, Българска академия на науките
доц. д-р Галина Петкова, Софийски университет „Св. Климент Охридски“
доц. д-р Евелина Рудан, Загребски университет
доц. д-р Лидия Терзийска, Софийски университет „Св. Климент Охридски“
доц. д-р Мариета Гиргинова, Българска академия на науките
доц. д-р Остап Сливински, Лвовски национален университет „Иван Франко“
доц. д-р Ясмина Теодорович, Университет в Крагуевац
д-р Камен Рикев, Университет „Мария Кюри-Склодовска“ в Люблин
гл. ас. д-р Валентина Седефчева, Великотърновски университет „Св.св. Кирил и Методий“
гл. ас. д-р Вяра Найденова, Пловдивски университет „Паисий Хилендарски“
гл. ас. д-р Надежда Стоянова, Софийски университет „Св. Климент Охридски“

© 2019 Владимир Колев, Тиха Бончева, Кристиян Янев, Цветанка Аврамова, Лилия Желева, Биляна Васич, Надя Радованова, Боряна Цветкова, Диана К. Иванова, Росица Стефчева, Диляна Денчева, Емилия Македонска, съставители
© 2019 Университетско издателство „Св. Климент Охридски“

ISBN 978-954-07-4893-1 (мека подвързия)
ISBN 978-954-07-4894-8 (pdf)

# СЪДЪРЖАНИЕ


ВМЕСТО ПРЕДГОВОР . . . . . . . . . . 11

*Панайот Карагьозов*
ПОЕМАТА *ВЛАДИМИР ИЛИЧ ЛЕНИН* НА ВЛАДИМИР МАЯКОВСКИ – АРХЕТИП И СТЕРЕОТИП НА КОМУНИСТИЧЕСКИЯ *ПАРТОЦЕНТРИЗЪМ* . . . . . . . . . . 13

***Културни и литературни стереотипи***

*Бобан Ђурић*
РУШЕЊЕ СТЕРЕОТИПА РУСКОГ РЕВОЛУЦИОНАРА: Б. В. САВИНКОВ (В. РОПШИН) И ЊЕГОВ РОМАН *КОЊ БЛЕД* . . . . . . . . . . 27

*Martin Navrátil*
ZBIERKA VOJTECHA MIHÁLIKA PLEBEJSKÁ KOŠEĽA: NA POMEDZÍ SOCIÁLNEJ LYRIKY A SOCIALISTICKÉHO REALIZMU . . . . . . . . . . 35

*Велимира Божилова*
АВТОРСКИЯТ ИДИОЛЕКТ ОТВЪД СТЕРЕОТИПА ЗА ТОТАЛИТАРНАТА ЛИТЕРАТУРА. ЕЗИКЪТ В ПРОЗАТА НА П. ВИЛИКОВСКИ, Я. ЙОХАНИДЕС И Д. МИТАНА . . . . . . . . . . 43

*Ружа Перуновић*
НЕПРИСТАЈАЊЕ НА ЗЛО КАО ОБРАЗАЦ ПОНАШАЊА У КЊИЖЕВНОСТИ ХОЛОКАУСТА (НА ПРИМЕРУ РОМАНА ЂОРЂА ЛЕБОВИЋА *SEMPER IDEM* . . . . . . . . 51

*Кристиян Янев*
ИСТОРИЧЕСКАТА ТРАВМА И ЛИТЕРАТУРАТА НА УЖАСА (НАБЛЮДЕНИЯ ВЪРХУ *НОЩТА НА ЖИВИТЕ ЕВРЕИ* НА ИГОР ОСТАХОВИЧ . . . . . . . . . . 58

*Владимир Колев*
ЖИВОПИСНИ СТЕРЕОТИПИ И ПОЕТИЧЕСКИ ВАРИАЦИИ ВЪРХУ ДЕВА МАРИЯ. ИНТЕРПРЕТАЦИИТЕ НА ИВАН ДРАЧ ВЪРХУ РЕНЕСАНСОВИТЕ ОБРАЗЦИ . . . . . . . . . . 66

*Сергей Подсосонный*
СТЕРЕОТИП «*КНЯЗЬ-ХРИСТОС*» В ПОСТАНОВКЕ АНДЖЕЯ ДОМАЛИКА *НАСТАСЬЯ ФИЛИППОВНА* В ВАРШАВСКОМ ТЕАТРЕ ИМЕНИ СТЕФАНА ЯРАЧА «АТЕНЕУМ» . . . . . . . . . . 76

*Николета Пътова*
ВЪЗНИКВАНЕТО НА БЪЛГАРСКИЯ ТЕАТЪР – ПРОМЕНЯЩИ СЕ СТЕРЕОТИПИ. . . . . 84

*Виталий Емеляненков*
СЮЖЕТЫ БОЛГАРСКИХ И ПОЛЬСКИХ НАЦИОНАЛЬНЫХ БАЛЕТНЫХ СПЕКТАКЛЕЙ КАК ИСТОЧНИК СТЕРЕОТИПНОГО ПРЕДСТАВЛЕНИЯ О МИРЕ . . . . . . . . . . 92

*Милан Алексић*
СТЕРЕОТИП КАО ПОГЛЕД НА ДРУГОГ У АНДРИЋЕВОЈ ПРВОЈ ЗБИРЦИ ПРИПОВЕДАКА (*ПРИПОВЕТКЕ*, СРПСКА КЊИЖЕВНА ЗАДРУГА, БЕОГРАД, 1924 . . . 100

*Estela Banov*
SLAVENSKI MITSKI OBRASCI U KNJIŽEVNOJ ZNANOSTI I PRIPOVJEDNOJ KNJIŽEVNOSTI HRVATSKE MODERNE . . . . . . . . 107

## *Хронотопни стереотипи*

*Бојан Чолак*
СТЕРЕОТИПАН ПРИКАЗ ГРАЂАНКЕ/ГРАЂАНИНА У ПРОЗИ ВЕЉКА МИЛИЋЕВИЋА . . . . . . . . 117

*Ина Христова*
КУЛТУРНИТЕ СТЕРЕОТИПИ ЗА ПАРИЖ В ПЪТЕПИСНО – ЕСЕИСТИЧНАТА ПРОЗА НА АНТУН ГУСТАВ МАТОШ И ЙОВАН ДУЧИЧ . . . . . . . . 126

*Тиха Бончева*
КОНЦЕПЦИИ НА ХУДОЖЕСТВЕНОТО ПРОСТРАНСТВО В ЛИТЕРАТУРАТА . . . . . . . 134

*Мария Русева*
ОБРАЗЪТ НА АМЕРИКА И ШАБЛОНИЗИРАНИТЕ ПРЕДСТАВИ ЗА НОВИЯ СВЯТ (НАБЛЮДЕНИЯ ВЪРХУ ПЪТЕПИСИ ОТ 20-ТЕ И 30-ТЕ ГОДИНИ НА XX ВЕК . . . . . . . . 141

*Мина Ђурић*
ИРСКОСТ У СРПСКОЈ КЊИЖЕВНОСТИ 20. ВЕКА. . . . . . . . . 149

*Гордана Ђерић*
ПОД ЗНАЦИМА НАВОДА: ДУГОТРАЈНИ И СТЕРЕОТИПИ ОГРАНИЧЕНОГ ТРАЈАЊА . . . . . . . . 158

*Ана Миловановић*
ДЕКОНСТРУКЦИЈА ИСТОРИЈСКОГ СТЕРЕОТИПА У МОДЕРНОЈ СРПСКОЈ ПРОЗИ. . 166

*Александра Кузмић*
РОДНИ СТЕРЕОТИПИ И ЊИХОВА ДЕКОНСТРУКЦИЈА У ЦРНОХУМОРНИМ КОМЕДИЈАМА ДУШАНА КОВАЧЕВИЋА *МАРАТОНЦИ ТРЧЕ ПОЧАСНИ КРУГ* И *РАДОВАН ТРЕЋИ* . . . . . . . . 174

## *Стереотипи на патриархалния свят*

*Марияна Бийелич*
КРИЗИС НА ПАТРИАРХАЛНАТА МЪЖКА ИДЕНТИЧНОСТ В РАЗКАЗИТЕ НА ЙОРДАН ЙОВКОВ. . . . . . . . 185

*Мирјана Арежина*
СТЕРЕОТИПНОСТ ОПИСА ЖЕНСКЕ ЉЕПОТЕ У ПОЕЗИЈИ ШИШКА МЕНЧЕТИЋА. . . . . . . . 193

*Биљана Солеша*
ПАТРИЈАРХАЛНО-СТЕРЕОТИПНО КОНСТРУИСАЊЕ ЖЕНСКИХ ЛИКОВА У ПРОЗИ СРПСКОГ РЕАЛИЗМА. . . . . . . . 201

*Луси Караниколова-Чочоровска*
ПАТРИЈАРХАЛНИОТ СТЕРЕОТИП И МЕНТАЛИТЕТОТ (За „женскиот“ стереотип во расказот *Жената на покојникот* од Бора Станковиќ . . . . . . . . . . 209

*Елена Дараданова*
МЪЖКИТЕ СТЕРЕОТИПИ В РОМАНА НА АНТЕ ТОМИЧ *КАКВО Е МЪЖ БЕЗ МУСТАЦИ* . . . . . . . . . . 218

*Кристина Николовска*
„ЗЕМЈОТРЕСОТ“ НА СТЕРЕОТИПИТЕ (Во романот *Доилката* од Лилјана Пандева)... . . . 226

### *Модели и концепции на текстовостта*

*Jan Galant*
STEREOTYP I DOŚWIADCZENIE W *SZYFRACH* ANDRZEJA KIJOWSKIEGO . . . . . . . . . 233

*Венцеслав Шолце*
АПОРИИ НА ДЕСКРИПТИВНОСТТА. СТЕРЕОТИП И ПОРТРЕТ В ТВОРЧЕСТВОТО НА СИМЕОН РАДЕВ . . . . . . . . . . 241

*Борис Илиев*
БИОЛОГИЧНИТЕ И НЕБИОЛОГИЧНИТЕ ЕВОЛЮЦИИ В ТВОРЧЕСТВОТО НА КАРЕЛ ЧАПЕК И НА СТАНИСЛАВ ЛЕМ . . . . . . . . . . 249

*Кристина Митић*
СТЕРЕОТИПИ ПОНАШАЊА ИНОВЈЕРНИХ У БОЖОВИЋЕВИМ ИЗАБРАНИМ ПУТОПИСИМА (1923–1930) . . . . . . . . . . 257

*Ирена Димова*
ЗАДЪЛЖИТЕЛНОСТТА НА ТЪРНАВСКАТА ГРУПА . . . . . . . . . . 266

*Боряна Цветкова*
*ВЕЧЕРЕН АКТ* НА ПАВАО ПАВЛИЧИЧ И НАЧАЛОТО НА ХЪРВАТСКАТА ПОСТМОДЕРНИСТИЧНА ПРОЗА . . . . . . . . . . 272

*Мирјана Бечејски*
ДАНИЛО КИШ И СТЕРЕОТИПИ: НАЦИОНАЛИЗАМ И ЕВРОЦЕНТРИЗАМ . . . . . . . . . 278

*Јелена Ратков Квочка*
ЕЛЕКТРА И НОВСКИ, ЛИТЕРАРНЕ И СЦЕНСКЕ ЛИЧНОСТИ ДАНИЛА КИША ДАНАС . . . . . . . . . . 286

*Розалия Александрова*
ИСКРИ ОТ БЪЛГАРСКАТА ВЕЧНОСТ . . . . . . . . . . 295

*Ивета Рашева*
„ЗЛАТНИТЕ БУКВИ“ (НОВ ПРОЧИТ НА *ВИДЕНИЕТО НА ЦАР БОРИС* ОТ ВЕЛИКО ЙОРДАНОВ И *БЪЛГАРСКИ ЗАКРИЛНИЦИ* ОТ ЕЛИН ПЕЛИН . . . . . . . . . 303

## *Стереотипите и фолклорът*

*Веселка Тончева*
ПЕСЕНТА *ХУБАВА СИ, МОЯ ГОРО* И БАЛКАНСКИТЕ Ѝ ВАРИАНТИ – СЛОВЕСНИ И МУЗИКАЛНИ МОДЕЛИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 311

*Весна Тодоров*
ДЕКОНСТРУКЦИЈА ДОМИНАНТНИХ СТЕРЕОТИПА У СРПСКИМ НАРОДНИМ БАЈКАМА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 324

*Весна Мојсова-Чепишевска*
СТЕРЕОТИПИТЕ И СКАЗНИТЕ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 331

*Татјана Вујновић*
ПРЕДСТАВА О СНУ У СРПСКИМ УСМЕНИМ УСПАВАНКАМА . . . . . . . . . . . . . . . . . . 338

*Martina Salhiová*
POSTAVA V SOUČASNÝCH ČESKÝCH A BULHARSKÝCH POHÁDKÁCH. . . . . . . . . . . . 348

*Марија Шљукић*
СТЕРЕОТИПИ И ЊИХОВА ФУНКЦИЈА У ОБЛИКОВАЊУ НАРОДНИХ БАЈКИ У СРПСКОЈ И БУГАРСКОЈ УСМЕНОЈ ТРАДИЦИЈИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 356

*Piotr Grochowski*
TWO STEREOTYPES OF THE BEGGAR IN POLISH FOLK TALES . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 364

*Таня Янкова*
ПО ПЪТЯ НА БЪЛГАРСКИТЕ ПРИКАЗКИ В СБОРНИЦИТЕ НА К. Я. ЕРБЕН . . . . . . . . 371

*Наталия Котельникова*
СТЕРЕОТИПНЫЕ ПРЕДСТАВЛЕНИЯ О ЛОКАЛИЗАЦИИ КЛАДОВ В РУССКОЙ ФОЛЬКЛОРНОЙ НЕСКАЗОЧНОЙ ПРОЗЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 379

*Александар Павловић*
ЕЛЕМЕНТИ РОДНЕ СТЕРЕОТИПИЗАЦИЈЕ У ПОКЛАДНОМ РИТУАЛУ „ЖЕНИДБА КРАЉЕВИЋА МАРКА“ У СИРИНИЋКОЈ ЖУПИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 388

*Наташа Будимир*
БЛАГОСЛОВ КАО СТЕРЕОТИПНО МЕСТО У СВАТОВСКИМ ПЕСМАМА СРПСКЕ НАРОДНЕ КЊИЖЕВНОСТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 397

*Данијела Петковић*
СТЕРЕОТИПНА ЕПСКА СИТУАЦИЈА – РАЗГОВОР ЈУНАКА С КОЊЕМ И ОРУЖЈЕМ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 406

*Gabriela Mihalková*
STEREOTYP V KOMPOZÍCII A DEIXE V SLOVENSKEJ KÁZNI 18. STOROČIA . . . . . . . 415

***Социолитературни, етнокултурни и образователни стереотипи***

*Оксана Микитенко*
ЕТНІЧНИЙ СТЕРЕОТИП ЯК ПАМ'ЯТЬ ТРАДИЦІЇ: *СЕРБИ* В УКРАЇНСЬКОМУ ФОЛЬКЛОРІ . . . . . 425

*Lilla Moroz-Grzelak*
PERSPEKTYWA WYZNANIOWA W KREOWANIU STEREOTYPU BUŁGARA . . . . . 433

*Бранко Златковић*
СТЕРЕОТИПИ О СРБИМА У ЗАПИСМА ИЗ 19. ВЕКА . . . . . 441

*Николай Папучиев*
ИДЕОЛОГИЧЕСКИ СТЕРЕОТИПИ В ПАМЕТТА ЗА БЛИЗКОТО МИНАЛО . . . . . 450

*Ivana Ikonić, Mirjana Brković*
ХУМОРИСТИЧКО-САТИРИЧКИ СТЕРЕОТИПИ СВЕШТЕНСТВА У СРПСКИМ МЕДИЈИМА ОД XVIII ДО XXI ВЕКА . . . . . 458

*Калина Мичева-Пейчева*
СТЕРЕОТИПИ И АНТИСТЕРЕОТИПИ В ЕЗИКА НА СКРЪБТА . . . . . 468

*Валентин Стоянов*
УТВЪРЖДАВАНЕ И РАЗРУШАВАНЕ НА СТЕРЕОТИПИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО В УЧИЛИЩНИТЕ ВИЦОВЕ . . . . . 473

*Адриана Дамянова*
ЛИТЕРАТУРАТА, СТЕРЕОТИПЪТ И *ОПИТЪТ* В УЧИЛИЩЕ . . . . . 483

***Развитие на международната славистика***

*Бошко Сувајџић*
У СУСРЕТ XVI МЕЂУНАРОДНОМ КОНГРЕСУ СЛАВИСТА У БЕОГРАДУ 2018. . . . . . 495

# ВМЕСТО ПРЕДГОВОР

Сборникът „Стереотипът в славянските езици, литератури и култури“ съдържа докладите, представени на Четиринадесетите международни славистични четения, проведени в Софийския университет „Св. Климент Охридски“ на 26–28 април 2018 г. Научният форум на Факултета по славянски филологии възниква като инициатива на катедрите по славянски литератури и славянско езикознание през 1992 г., но много скоро излиза извън рамките на Университета, привличайки все повече участници от различни научни институции у нас и в чужбина. Четиринадесетите славистични четения бяха посветени на актуалната и недостатъчно проучена проблематика за стереотипите. Интердисциплинарният характер на тематиката позволи изследването и систематизирането на специфичните и универсални стереотипи в езика и езикознанието, литературата и литературознанието, антропологията и културологията на славянските страни.

На форума бяха представени 150 доклада на учени от 14 страни: България, Беларус, Босна и Херцеговина, Германия, Италия, Македония, Полша, Русия, Словакия, Сърбия, Украйна, Хърватия, Чехия, Япония. Сборникът съдържа по-голямата част от изнесените доклади. В т. I „Езикознание“ са публикувани 80 доклада, в т. II „Литературознание. Културология. Антропология. Фолклористика“ – 58 доклада. Някои доклади не ни бяха изпратени, а други бяха отхвърлени от рецензентите. За първи път от провеждането на Славистичните четения всички доклади, които се публикуват в сборника от форума, преминаха през анонимно рецензиране. Също така за провеждането на конференцията за първи път беше избран Международен организационен комитет, с който бе установен международният ѝ статут.

Докладите в първи том са разпределени в следните раздели: *Етно- и социолингвистика, лингвокултурология и стереотипи*; *Лексикална семантика, лексикография и стереотипи*; *Фразеология, ономастика и стереотипи*; *История на езика и стереотипи*; *Граматика и стереотипи*; *Превод, чуждоезиково обучение и стереотипи*. Докладите във втори том са групирани в разделите: *Културни и литературни стереотипи*; *Хронотопни стереотипи*; *Модели и концепции на текстовостта*; *Стереотипи на патриархалния свят*; *Стереотипите и фолклорът*; *Социолитературни, етнокултурни и образователни стереотипи*.

Отново за първи път, но напълно в духа на темата за стереотипите и тяхното разчупване, по молба на автора, член на международния организационен комитет на Четенията, бе включен доклад, представящ хроника на друго важ-

но славистично събитие – XVI Международен конгрес на славистите, проведен през август 2018 г. в Белград.

Издаването на сборника, който предлагаме на читателите, бе осъществено с финансовото съдействие на Фонда за научни изследвания на Софийския университет „Св. Климент Охридски“, Договор № 80-10-137/25.04.2018.

Цветанка Аврамова, Владимир Колев

# ПАТРИЈАРХАЛНИОТ СТЕРЕОТИП И МЕНТАЛИТЕТОТ
## (За „женскиот“ стереотип во расказот „Жената на покојникот“ од Бора Станковиќ)

**Луси Караниколова-Чочоровска**
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

The article *Patriarchal Stereotype and Mentality* deals with the problem of the so-called "Patriarchal" stereotype in the story "The Dead Man's wife" by Bora Stankovic. More precisely, it is about the isolation, quantification and qualification of those text units in this already classic piece of the Serbian literature which imply presentation of the customs, rituals and beliefs related to the woman's way of life in the second half of the $19^{th}$ century. In this sense is defined the category of the so-called "female" stereotype, which is closely related to the treatment of women and the "public opinion" regarding the woman, in this case that is the wife of the deceased man and through her in a wider sense the female mentality on the Balkans territories.

**Key words**: stereotype, patriarchal stereotype, "female" stereotype, "feminine" stereotype, tradition, mentality

### 1. Пристап

Оваа статија прави обид за пристап и третман на општествената, социолошката и културолошката категорија стереотип според податноста на текстовниот материјал во расказот „Жената на покојникот“ од Бора Станковиќ, еминентниот српски раскажувач од крајот на 19-от и почетокот на 20-от век, кој заедно со Петар Кочиќ, е претставник на т.н. лирски реализам (Деретиќ, 1990: 253–257).

Станува збор за изолација, квантификација и квалификација на оние текстовни единици во ова веќе класично четиво на српската книжевност кои подразбираат приказ на обичаите, обредите и верувањата врзани со начинот на живот на жената од втората половина на 19-от век. Во таа смисла, се дефинира и категорија на т.н. „женски“ стереотип, кој е тесно врзан со третманот на жената и „јавното мислење“ по однос на жената, во овој случај – жената на покојникот, а преку неа и женскиот менталитет на овие наши балкански простори.

Имено, се анализира патријархалниот, вообичаено традиционален начин на однесување на жената, „очекувано“ женско однесување, заради што и дозволува да биде категоризирано како стереотипно. Тоа и такво однесување пак, потоа се доведува во врска со женскиот менталитет - српски, не помалку и македонски и балкански, познат или можеби поточно очекувано познат за периодот од крајот на 19-от и почетокот на 20-от век.

Стереотипот што го третираме во оваа статија, така што си дозволуваме алтернативно да го наречеме „патријархален“ и „женски“ е само составка или еден аспект на поширокта категорија културен стереотип, како облик на поедноставено, скаменето знаење за себе или другите.

Статијата не претендира кон жестока поддршка на феминистичкиот дискурс и во неа отсуствува амбицијата за негова афирмација.

Нашата тенденција е да се покаже дека одредени стереотипи врзани со т.н. „женско прашање“ имаат традиционални и патријрхални корени, кои се „цврсти“ до ден денеска, иако многу често во изменет вид. Тие пак, се составни делови на менталитетот и служат за негова манифестација.

## 2. Дефиниции

Постоечката социолошка и културолошка литература од европска и јужнословенска провиниенција нуди мноштво дефиниции (=определби) на категоријата стереотип. Притоа, речиси задолжително се подвлекува тешкотијата или можеби подобро неможноста од прецизна определба на овој поим.

Примарното (=буквално) речничко значење на поимот стереотип од грчко потекло подразбира „метална плоча, излиена од матрица што претставува верна копија на типографскиот слог“, додека неговото секундарно значење се сведува на „иста постапка, неоригиналност, излитеност, изветвеност“ (Миќуновиќ, 1990: 562).

Стереотипот претставува вообичаен, „очекуван“ начин на однесување на единката, дел од колективот или целиот колектив. „Очекуваноста“ е всушност очекување на опкружувањето, на средината и/или воспитувањето и традицијата. Поточно, „очекуваното однесување“ зависи од „јавното мислење“ или „што ќе речат луѓето“. И нема ништо лошо или штетно ако однесувањето е „утврдено“, според тоа и „загарантирано“ во одредени услови и околности, зашто тоа, однесувањето по таков начин ја дозволува сигурноста на единката, односно колективот, од една страна, а од друга ја продолжува оправданоста на традицијата. Сè дотогаш додека не се случи прогрес. Токму новините придонесуваат за своевидна осуда или осуетување на стереотипното однесување, за неприфаќање на постоечкото долготрајно, повеќевековно загарантирано однесување и наметнување потреба тоа да биде елиминирано. Бездруго, потребен е одреден временски период за „новото“ однесување да биде масовно прифатено, под претпоставка дека тоа и такво „ново“ однесување ќе соодветствува со потребите, навиките и, во крајна линија со степенот на свеста и совеста на единката и колективот од одредено време и одредено место.

Јасмина Мојсиева-Гушева го нарекува стереотипот „испробан модел“, „успорувач на развојот“ и своевиден „(...) бранител на воспоставениот ред“, кој „(...) држи до познатите патишта и форми на однесување“. Според Мојсиева-Гушева, „(...) Останувањето во утврдените рамки на стереотипите помага

да се пребродат преголемите дози на новото“ (Мојсиева-Гушева, 2010:72). Ќе си дозволиме да реагираме на овие определби на културолошката категорија стереотип, така што го изразуваме нашето одобрување со ставот дека тој е навистина „испробан модел“ и „бранител на воспоставениот ред“, но и несогласување со ставот дека стереотипот е по секоја цена „успорувач на развојот“. Сметаме дека стереотипот претставува, односно поддржува одреден начин на однесување дотогаш додека тоа однесување е прифатливо во одредени околности, дека е точно оти тоа е своевидно аксиоматско однесување, неприкосновено оправдано во даден колектив, но дека тој нема капацитет да биде бескраен успорувач на развојот. Имено, кога лавината на развојот „ќе тргне“, неа стереотипот не може да ја спречи. Таа бездруго ќе се случи. Затоа, стереотипот може да се смета за такво однесување кое има одреден „рок на траење“, иако можеби тој рок може да трае со столетија.

Мојсиева-Гушева натаму, сосема оправдано, го сместува стереотипот во пошироките, општествени сфери. Според неа „(...) Стереотипите, покрај тоа што се сложени навики чиј корен го наоѓаме во инстиктивната сфера, тие всушност се длабоко поврзани со промените во општеството и подложни се на социјално и културно обликување. Секое општество создава свои стереотипи кои битно влијаат врз нас и нашиот идентитет. Како ќе биде оформена нашата личност, во голема мера зависи од општеството и од тоа како другите гледаат на нас“ (Мајсиева-Гушева, 2010:79).

Сметаме дека овие ставови се сосема релевантни и можат да послужат како модел на анализа на стереотипното однесување на Аница од расказот „Жената на покојникот“ на Бора Станковиќ.

### 3. За „патриархалниот“ и „женскиот“ стереотип

Ако под стереотип подразбираме испробан модел на однесување благодарение на кое единката се чувствува комотно во својата средина, така што не би била осудена од „јавното мислење“, тогаш не е воопшто тешко оваа „дефиниција“ да се сообрази со атрибутите патријархален и женски.

Зашто имено, патријархалниот начин на живот налага речиси строго почитување на непишаните општествени правила што ги наметнала заедницата и од кои секое отстапување би било ригорозно осудено од „јавното мислење“. Познато е, ако не од друго место тогаш барем од литературата дека, токму жената е таа која е подложна на принципиелно уважување на патријархалните норми на однесување и дека повеќе таа отколку мажот би била жигосана кога би го прекршила воспоставениот ред на нештата.

Аница, жената на покојникот, како што само описно е именувана во заглавието, а не со своето лично име, што само по себе е асоцијативно и провокативно „се однесува“ како што се однесувала традиционалната балканска (во случајов српска) жена во втората половина на 19-от век. Тоа нејзиното одне-

сување, според параметрите на феминистката Гајери, па и нејзиниот начин на размислување се предодредени од стереотипите и особено јавното мислење во нејзината средина, од непишаните правила (=конвенциите) на однесување на една вдовица во едно мало градче и воопшто од очекувањата на истата таа средина, што се исто така „непишани", а сепак конвенционални. Женското однесување на Аница и сфаќањето на средината по однос на Аница, вдовицата силно ги допира, открива и разоткрива не само женската природа и менталитет туку и менталитетот воопшто, српски и балкански.

### 3.1. Квантификација. Класификација. Квалификација.

Квантитативниот биланс од расказните единици што ги подразбираат т.н. „патријархален" и „женски" стереотип во расказот „Жената на покојникот" од Бора Станковиќ изнесува вкупно 36 примероци. Специјалистичкиот пристап допушта тие да бидат подредени во 3, односно 4 категории:

– категорија „патријархален" стереотип, со вкупно 16 примероци, кој ги подразбира традиционалните и патријархални обичаи и верувања, што се непосредно или посредно поврзани со жената, или поточно жената на покојникот;
– категорија „женски" стереотип, со вкупно 14 примероци, во која се вбројуваат оние текстовни единици што го подразбираат женското традиционално и патријархално однесување;
– во посебна категорија од 5 примероци на стереотипно однесување се вбројуваат оние куси наративни пасажи што го претставуваат однесувањето на другите кон Аница, жената на покојникот или категоријата на „јавното мислење";
– последната, четврта категорија на стереотипно однесување претставува всушност своевидна подкатегорија на претходната, а која го прикажува вообичаеното, „утврдено" однесување на градската чаршија во пазарен ден. Како таква, таа го имплицира и „менталитетот на градот" и претставува уникатен примерок кој не апстинира од латентната „женскост" во себе, зашто е предаден од позиција на насловната хероина.

Во најбројната категорија што се однесува на т.н. „патријархален" стереотип се вбројуваат оние наративни пасажи кои всушност се однесуваат на традицијата и, уште поконкретно на православната традиција. Не случајно, најнапред се предадени погребните, поточно постпогребните стереотипи. Имено, во согласност со заглавието на расказот, Станковиќ пред сѐ отстапува простор на покојникот, оти потоа, малку повеќе ќе раскажува за жената на покојникот. Освен тоа, во првиот приказ на почивалиштето на покојникот, при сѐ што се опишува традиционалниот православен гроб со сите, главно церемонијални предмети што се составен дел од таквиот декор, имплицитно е застапена „женската" нота. Зашто имено, дршката на бокалот беше многу поцрнета од свеќите што

таа, жената на покојникот, толку често му ги палеше. Традицијата и женскоста се наоѓаат на едно место. Заедно со нив и вкоренетата патријархалност, жената да биде крајно посветена на мажот и после неговата смрт. А оваа „жена на покојникот" тоа го прави  стереотипно, ревносно, ритуално и задолжително, без притоа и во мислите да си дозволи најмало отстапување од таа традиција: „Таа и не го гледа него (синот, з.н.), кука, реди. Како и секогаш, го спомнува него, покојникот, мажот; ги реди неговите желби. Па кога ќе почне она: на кој ги оставил... што не се симне да ги види, да ги погледне... а особено да го види детето, синот... веќе колкав е и колку пораснал... Не се знае кој повеќе плаче: дали таа или детето. И дури кога детето, онака под нејзиниот скут, уште повеќе уплашено што она никако кон него не се свртува, ќе почне на цел глас да плаче, и кога од неговите крупни солзи веќе земјата почнува да се влажни и лепи по неговите обравчиња, дури тогаш она би се освестила, би се тргнала, би го дигнала речиси онесвестена од плач, чистејќи му ја земјата од обравчињата". (Станковиќ, 1957: 129,130). Овде станува збор за типично стереотипно однесување на една вдовица, од која после смртта на мажот се очекува, во духот на патријархалните сфаќања да се однесува токму така – како вдовица, како жена на покојникот.

Обичајот за принесување храна и пијалаци на покојниковиот гроб денеска се применува со ограничено траење: според православниот календар, двапати годишно, на празникот Задушница (летен и зимски) и неколкукратно по смртта: вториот, третиот, деветтиот (или седмиот) ден и четириесеттиот ден, како и половина година, една, две и три години после смртта.

На патријархалните стереотипи во овој расказ им припаѓаат и обичаите за стројништвото, за подготвувањето чеиз и опширно претставените свадбени обичаи:

„Свадбата беше скромна, спрема мажот, вдовец (...) А овде кај Аница имаше свирачи (...) Имаше и девер, и свеќи, подароци... Имаше и игра. Дури и 'шарено' оро... (Станковиќ, 1957: 140). Патријархалниот императив, налага сѐ да се подреди според мажот и спрема мажот, зашто во патријархатот сосема е легитимна машката културна доминација.

Изделуваме уште едно традиционално верување, бездруго стереотипно, предадено од гледна точка на насловната херојка, „жената на покојникот", кое, се чини, најсилно ја одразува таа латентна женска сеприсутност во патријархалната традиција, или длабоко вкоренета традиција прикажана од позиција на патријархалната жена:

„Бидејќи тој беше тој кој се беше заложил, ја земал и ја вовел во својата куќа, и со тоа вовел некој ред... жена, луѓе. И' дал – не име туку нешто повеќе, посилно, ѝ дал некоја одреденост, а не како порано, додека беше девојка, што не смееше во никого да погледне, бидејќи ако погледне којзнае што тој може да помисли за неа"(Станковиќ, 1957: 153).

Го квалификуваме овој фрагмент како најрепрезентативен во овој расказ по однос на проблематиката што овде ја зафаќаме: приказ на патриајрхалниот стереотип, со висок процент на женскост во себе, а кој под плаштот на патријархалноста го манифестира машкиот имеријализам, присутен не само во однесувањето што е на очиглед на сите, туку и во најдлабоките интимни размислувања на жената.

Втората категорија на т.н.„женски" стереотип се однесува на оние наративни пасажи што го подразбираат очекуваното однесување, дури и размислувањата на Аница вдовицата – жената на покојникот. Тие најверно го оправдуваат стереотипното однесување како „испробан модел" и „бранител на воспоставениот ред", според вокабуларот на Мојсиева-Гушева.

Жената на покојникот редовно, секоја сабота го посетува гробот на мажот и редовно се однесува „очекувано". Зашто таков е редот, зашто тој модел на однесување е проверен. Аница, повторно редовно, со наведната глава поминува низ чаршијата, зашто од вдовицата се очекува така да се однесува, така да прави. И носи црнина. И ги потиснува своите интимни потреби и желби, поврзани со нејзините momински надежи да се омажи за Ито: „Поцврсто го стега детето за рака, уште повеќе ја наведнува главата и едвај чека што побрзо до таа касапница да дојде, да го повика бога и да ја помине. Бидејќи пред таа Итина касапница секогаш имало неколкумина од нив, машки, кои безработни седат на ќепенците, пушат гледајќи го или светот што по патот поминува, или оние обесени парчиња месо и крвави диреци од касапницата" (Станковић,, 1957: 131).

Некои од овие „женски" стереотипи, кои секако имплицираат доволна доза патријархалност, отстапуваат од регулативот на стереотипот како стереотип. Станува збор за познатиот и сеприсутниот квалификатив во прозата на Станковиќ, а кој се однесува на имплицитната или на места експлицитната застапеност на еротската компонента, повторно врзана за жената: „Уплаканото лице ѝ се зажарило, букнало, а целата снага и е како набрекната. Фустаните и се тесни. А чувствува како градите и се шират, се подаваат од тесното елече, излегуваат надвор, се гледаат... Затоа од срам ја наведнува главата, ја мести шамијата, за едвај очите и устата да ѝ се видат, која сѐ уште не може да ја смири од плачење, ами ѝ трепери" (Станковић, 1957: 130).

Третата категорија ги подразбира вкупното петте примероци кои го претставуваат стереотипот на јавното мислење. Се работи за куси расказни фрагменти кои, во духот на патријархалната традиција го подразбираат ставот и мислењето на другите спрема жената. Ова наше балканско „што ќе речат луѓето", се чини апсолутно присутно во ова нашето живеење, минато и сегашно... Во расказот на Станковиќ е уште понагласено, зашто се третира не само жена ами жена на покојник.

Имено, по смртта на покојникот, освен мајка ѝ, ретко некој доаѓал кај Аница, во куќата на покојникот, зашто: „(...) И нејзините роднини не смееја

да ѝ доаѓаат, плашејќи се така да не го навредат покојникот, што со тоа свое доаѓање 'му се мешале во неговата куќа', доаѓале и го вознемирувале"(Станковић, 1957: 135).

Како поткатегорија на стереотипот за јавното мислење издвојуваме еден единствен фрагмент што го подразбираа вообичаеното однесување на граѓаните во пазарен ден и кој, повторно предаден од женска позиција, во размислувањата на Аница, во себе го подразбира колку патријархалното женско стереотипно однесување во таква јавна ситуација, толку се однесува и на приказ на менталитетот на градот:

„Поминува покрај капии, ниски куќички, долги огради... само понекоја голема куќа, турска, со капаци и решетки по прозорците... сретнува слуги и деца што носат месо, ориз и друго по што домаќинките ги праќаат мажите во чаршија (...). Но, кога ќе дојде до чаршијата и кога ќе сака да ја помине и да влезе во својата улица, повторно мора да застане. Особено ако е сабота, не може од светот – пазарџии – селани, кои се враќаат во своите села"(Станковић, 1957: 132).

Треба да се спомене дека Бора Станковиќ моќно го прикажува женското стереотипно однесување на својата насловна хероина под силно влијание на машката доминација и апсолутно влијателното „јавно мислење", но никако не пропушта нејзе, на жената, да ѝ отстапи минимум простор за себе, за своите интимни размислувања и потреби. Ова, повторно, е во дослух со основните параментри на неговата проза: носталгичен спрема минатото и патријархалната традиција и жената во центарот на вниманието!...

**4. За менталитетот – патријархален и женски**

За една појава, постапка или состојба да може да се смета за иманентна на пошироката категорија менталитет потребно е да постои соодветна антрополошка основа, односно константа која е заедничка за човекот воопшто, во кое било време и на кој било простор, а се однесува на начинот на неговото мислење, чувствување, однесување.

Според австрискиот социолог на културата Питер Динкелбахер, менталитетот се однесува на „(...) начинот и содржината на мислењето што го обележува одреден колектив во одредено време. Менталитетот, вели тој, се манифестира во постапките" (Dincelbaher, 2009: 15). Постапките пак, за да станат своевиден показател на менталитетот неминовно треба да се повторуваат и да траат низ времето. Менталитетот се манифестира во постапките зашто „(...) секоја постапка искажува нешто за менталитетот што стои зад неа; тој менталитет за нас станува достапен само со помош на интерпретација на трагите што ги оставила таа постапка (=историските извори)" (Dincelbaher, 2009: 20).

Под „женски менталитет", мошне едноставно, го подразбираме однесувањето, светогледот, интимното доживување на една жена, по однос на себе и околината, заедно со начинот на кој и опкружувањето реагира по однос на неа.

Патријархалниот менталитет пак, кога би се обиделе да го дефинираме, тој би подразбирал ништо друго, освен сообразување на однесувањето на единката во согласност со стереотипите на патријархалната култура. Наједноставно речено, тоа е начин на живот во кој мажот, мажот како маж и мажот како сопруг и татко има неприкосновено доминантна позиција во семејството, во потесното и поширокото социјално опкружување. Сѐ се подредува на неговите потреби, барања и очекувања.

Звучи неправедно, но така било некогаш и така сѐ уште е некаде...

Расказот „Жената на покојникот“ од Бора Станковиќ го негува овој патријархален менталитет, зашто така се живеело во времето кога Станковиќ твори, но и затоа што, како што веќе се рече, авторот покажува нагласен афинитет кон тој и таков менталитет. Меѓутоа, она што овде, во овој расказ е уникатно и специфично, па и речиси секаде во неговото творештво е фактот што тој раскажува така што ја „поддржува“ женската перспектива. Читателот има впечаток дека му зборува жена, дека нараторот е женски, оти сите застануваме на страната на Аница, жената на покојникот. И, интимно, латентно, сме му лути и на покојникот и на сите мажи заради таквото нивно однесување, кое бездруго е стереотипно.

Менталитетот во овој расказ е патријархален и женски, едновремено и во еднакви пропорции. Патријархален е затоа што бескрајно се негува авторитетот на мажот, затоа што тој е надмоќен дури и кога е мртов... Затоа што жената сакала-не сакала, ги негува оние обичаи и стереотипно однесување што би било прифатливо во патријархалната средина во која функционира, зашто нејзиното однесување треба (читај: мора!) да кореспондира со она „што ќе речат луѓето!“.

Женски е менталитетот во овој расказ заради истите причини поради кои е и патријархален...

## 5. Коментар

Стереотипот како утврден, аксиоматски начин на однесување и менталитетот како начин и содржина на мислење во одредено време и на одредено место се составки на поширокиот поим култура. Под култура пак, во најопшта смисла на зборот се подразбира „(...) севкупноста на историското творештво на човештвото, благодарение на кое човекот го менува светот околу себе, а се менува и самиот во тој свет“ (Enciklopedija politicke culture, 1996: 829).

Сфатени во оваа смисла, стереотипот и менталитетот, а осбено стереотипот кој и како поим и практично се прифаќа речиси исклучително аксиоматски, се подведуваат под начелото на релативноста. Дека имено, ништо не е однапред дадено и утврдено и ништо не може да биде непроменливо и вечно. Имајќи го предвид и конформизмот на кој е бездруго подложна секоја единка во дадено општествено опкружување, логично и човечки е да се очекува дека стереотипното однесување има граници, има, како што веќе се рече свој „рок

на траење“. Таквиот став е оптимистички и до него, сметаме дека се доаѓа спонтано, без револуции и крвопролевање. Без претерано, без жестоко фаворизирање и афирмација на феминистичноста...

Имено, жената на покојникот од расказот на Станковиќ и не е толку онеправдана. Доколку беше доволно феминистички освестена, немаше по сопствена воља, да одбие да се премажи за љубениот човек. Но, Аница самостојно и без притисок го направи својот избор – да се премажи за вдовец со три малолетни деца, а кого не го љуби. Секако дека патријархалниот стереотип има силно влијание врз таквиот нејзин избор, но никој немаше да ја осуди ако го направеше она што и неа ќе ја направи среќна.

Како и да е, жената од расказот „Жената на покојникот“ е класичен, антологиски женски лик, кој стана и остана пример за животот во патријархалната заедница, за животот на жената под притисок на традицијата, за животот во кој културната доминација му припаѓа на помоќниот – на мажот!... Жената од овој расказ е типичен лик на стереотипен и патријархален модел на однесување.

**Литература**


**Ападурај 2011**: Apaduraj, A. *Kultura i globalizacija*. Beograd: Biblioteka XX vek: 2011.

**Георгиевска-Јаковлева 2012**: Георгиевска-Јаковлева Л. *Идентитет(и)*. Скопје: Институт за македонска литература, 2012.

**Деретиќ 1990**: Деретић, Ј. Кратка историја српске сњижевности. Београд: Београдски издавачко-графички завод, 1990.

**Динкелбахер 2009**: Dincelbaher, P. *Istorija evropskog mentaliteta*. Podgorica: Sluzbeni glasnik. CID,2009.

**Живковиќ 1970:** Живковиќ, Д. Европски оквири српске књижевности. Београд: Просвета, 1970.

**Крамариќ 2010**: Крамариќ З. *Идентитет, текст, нација*. Скопје: Табернакул, 2010.

**Иригаре 2002**: Иригаре Л. *Спекулум на другата жена*. Скопје: Евро-Балкан Пресс, 2002.

**Матиќ/Подунавац 1996:** Matić M., Podunavac M. *Enciklopedija političke kulture,* Beograd: Savremena administracija, 1996.

**Милосављевић Милић 2013:** Милосављевић Милић С. *Отпори и прекорачења – поетика приповедања Боре Станковића*, Ниш: Филозофски факултет Универзитета у Нишу, 2013.

**Мојсиева-Гушева** 2010: Мојсиева-Гушева Ј. *Во потрага по себеси*. Скопје: Институт за македонска литература, 2010.

**Мартиноска 2014**: Мартиноска А. *Културни парадокси (Родот, етницитетот и идентитетот во фолклорот и литературата).* Скопје: Институт за македонска литература, 2014.

**Миќуновиќ 1990**: Миќуновиќ Љ. *Современ лексикон на странски зборови и изрази*. Скопје: Наша книга, 1990.

**Скерлиќ 1967:** Скерлиќ Ј. *Историја нове српске књижевности*. Београд: Просвета, 1967.

**Станковиќ 1957**: Станковић Б. *Изабране приповетке*. Београд: Просвета, 1957.

**Стереотипът в славянските езици,**
**литератури и култури**

*Сборник с доклади от*
*Четиринадесетите международни славистични четения*
*София, 26–28 април 2018 г.*

Том втори
**Литературознание. Културология.**
**Антропология. Фолклористика**

Българска
Първо издание

Формат 70x100/16
Печатни коли 31,5

Университетско издателство „Св. Климент Охридски“
www.unipress.bg